РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09-607/10
20-05-2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 30-тата седница, прво продолжение, одржана на ден 18.05.2020 година донесе

**Одлука**

По утврдена повреда на член 63 став 1 и член 67 став 1 од ЗСКСИ од страна на лицето Драган Миновски, генерален директор на АД Електрани на Северна Македонија (ЕСМ) и доставената Иницијатива за поведување постапка за утврдување на одговорност до Надзорниот одбор на АД ЕСМ, кој не утврди повреда на одредбите од ЗСКСИ од страна на именуваното лице, но и поради промена на фактичката состојба, лицето Драган Миновски повеќе не ја извршува функцијата генерален директор на АД ЕСМ, ДКСК го запира постапувањето, бидејќи нема законски основ за преземање мерки и активности за натамошно постапување по предметот.

Предметот со број 09-607/1 од 19.02.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Државната комисија постапуваше по предмет за постоење на сериозни индиции дека лицето Драган Миновски – Генерален директор на АД ЕЛЕМ има влијание во постапка за вработување на блиски лица на одредени функционери.

Во насока на утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, Државната комисија се обрати АД ЕЛЕМ за достава на документацијата која се однесува на постапката за вработување на лицето Љубисав Несторовски, сопруг на Државниот секретар во МВР, Магдалена Несторовска.

По разгледување на доставената документација од страна на АД ЕЛЕМ за лицето Љубислав Несторовски, Државната комисија констатираше дека е водена нетранспарентна постапка, односно нема спроведено интервју со пријавените кандидати, нема ранг листа на пријавените кандидати со бодирање.

Во недостиг на ранг листа, ниту записник за бодирање на кандидатите, очигледно е постоење на висок степен на дискреција Директорот да одреди со кое лице ќе се склучи договор за вработување, со што настанува прекшување на начелото на еднаквост и злоупотреба на дискреционото право од страна на службените лица.

Државната комисија констатираше дека од страна на одговорното лице на АД ЕЛЕМ е повреден член 63 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно во вршењето на неговите дискрециони овластувања не ја донел одлуката совесно, водејќи сметка за сите факти и околности во конкретен случај.


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

При ваква фактичка состојба Државната комисија констатираше дека лицето Драган Миновски – Генерален директор на АД ЕЛЕМ постапило спротивно и на член 67 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Поради наведените причини Државната комисија достави Иницијатива за поведување на постапка за утврдување на одговорност на лицето Драган Миновски – Генерален директор на АД ЕЛЕМ до Надзорниот одбор на АД „ЕЛЕМ", како надлежен орган кој извршил именување.

По однос на поднесената Иницијатива, Надзорниот одбор на АД „Електрани на Република Северна Македонија" достави одговор во кој е наведено дека истиот смета дека не постојат причини, законски основи и докази за одговорност на лицето Драган Миновски – Генерален директор на АД ЕЛЕМ. Службеното лице постапувало во рамките на неговите статутарни и законски овластувања.

Лицето Драган Миновски е разрешен од генерален директор на АД „Електрани на Република Северна Македонија" на ден 22.07.2019 година.

На седницата одржана на ден 18.05.2020 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија констатира дека по доставената Иницијатива за поведување постапка за утврдување на одговорност на службеното лице Драган Миновски, Државната комисија нема законски основ за понатамошно превземање на мерки и активности согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК,
Изработил:
м-р Станка Милановска - Виш соработник
Одобрил:
М-р Шемши Салаи, член на ДКСК


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk